Друштво за хотелиерство,угостителство
туризам и трговија
ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД
Бр. 02 – 274/10
10.05.2019 година
ОХРИД

Врз основа на член 21 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид, член 343 став 1, член 344, член 364 и член 367 од ЗТД, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 10.05.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на членови на Одбор на директори на**
**"ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид**

1. Поради истек на мандатот на членовите на Одбор на директори на "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид, се врши реизбор на членовите на Одбор на директори:
   1.Драган Наков
   2.Сашо Наков
   3.Филип Мишевски
   4.Наташа Милева -неизвршен-независен член

2. Мандатот на членовите од став 1 на оваа Одлука трае четири години.

3. На неизвршните членови на Одбор на директори на "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид, избрани на редовното годишно собрание на ден 10.05.2019 година им се определува надоместок во износ од 15.000,00 денари месечно.

4. Се задолжуваат лицата од став 1 од оваа Одлука избрани за членови на Одборот на директори на "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид по влегување во сила на оваа Одлука да одржат своја конститутивна седница на која ќе изберат лице кое ќе биде Извршен член и ќе го носи називот Генерален директор, како и неизвршен член кој ќе биде и Претседател на Одборот на директори на "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид.

5. Се овластува Генералниот директор да ополномошти регистрационен агент да ја поднесе пријавата за упис во Централниот регистар на новиот состав на Одборот на директори на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид, избрани во став 1 на оваа Одлука.

6. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач со Собрание

"ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.

______________________